Врз основа на член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 41 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот, бр.02-4303/3 од 07.09.2016 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичка структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, Уп 1 бр.02-447 од 01.09.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 31-та седница одржана на 07.09.2016 година донесе:

**О Д Л У К А**

1. СЕ ДОЗВОЛУВА промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, и тоа:

1.1 за истапување на физичкото лице:
- Сејдин Исени, со ЕМБГ [redacted] од [redacted] и

1.2. за пристапување на физичкото лице:
- Мерита Адиљи, со ЕМБГ [redacted] од [redacted].

2. Се задолжува Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, по извршената промена, наведена во точка 1 на оваа Одлука, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, согласно член 41 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и Правилникот за формата и содржината на известувањето за промената на сопственичката структура („Службен весник на Република Македонија" бр.171/14), со Известување за промена на сопственичка структура Уп 1 бр.02-447 од 01.09.2016 година, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево.

Со оглед дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, констатираше дека со спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги односно дека оваа промена не е спротивна на забраната од членовите 34, 35 став 2 и 38 од истиот Закон, по поднесеното Известување за промена на сопственичка

структура Уп 1 бр.02-447 од 01.09.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-447**
**07.09.2016 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука, радиодифузерот доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба до надлежниот суд.